**ЗАКОН[1]**
**за изменување и дополнување на Законот за гаранција на Република Македонија по договорите за заеми по проектот ХЕЦ „Козјак“ со Кинеската банка и фирмата CWE (China International Water & Electric Corp.)**

**Член 1**

Во Законот за гаранција на Република Македонија по договорите за заеми по проектот ХЕЦ „Козјак“ со Кинеската банка и фирмата CWE (China International Water & Electric Corp.), (Службен весник на Република Македонија бр. 27/98, 70/01 и 98/02) во членовите 1 и 3 зборовите „Електростопанство на Македонија“ се заменуваат со зборовите „Електрани на Македонија“.

**Член 2**

Во членот 4 се додава нов став два, кој гласи:
„За дел од средствата од заемот од Банката на Кина за Проектот ХЕЦ Козјак, а кои ќе се користат од страна на АД ЕСМ и АД МЕПСО, Акционерското друштво „Електрани на Македонија“, во државна сопственост - Скопје ќе склучи посебни договори со АД ЕСМ и АД МЕПСО за користење и враќање на средствата искористени за инвестиции кои со трансформацијата на АД ЕСМ се во нивна надлежност“.

**Член 3**

Членот 5 се менува и гласи:
„Министерството за финансии и Акционерското друштво „Електрани на Македонија“ во државна сопственост, ќе склучат договор со кој ќе се регулираат меѓусебните права и обврски врз основа на издадената гаранција кон Банката на Кина од член 1 на овој закон.

Доколку пристигнатите обврски врз основа на камата и главнина, во роковите утврдени со договор за заем, од името на Акционерското друштво „Електрани на Македонија“, во државна сопственост, ги плати Република Македонија, министерот за финансии може да издаде налог до Управата за јавни приходи за блокирање на средствата на Акционерското друштво „Електрани на Македонија“, во државна сопственост, врз основа на враќање на ДДВ, со цел да се намират пристигнатите обврски кон кредиторот, односно да се надоместат на државата денарски средства во висина на извршеното плаќање, зголемено за пресметаната камата и за настанатите трошоци поврзани со соодветната трансакција.“

**Член 4**

Овој закон влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија“.

[1] Објавен во Службен весник на Република Македонија број 13/ 2006